## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „МЕХАНИЗАЦИЈА“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р РИСТО ЃОРГИ КУКУТАНОВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет бр. 1802-456/7 од 7 ноември 2014 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Милан Ѓеорѓиевски, вонреден професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
– д-р Зоран Димитровски, вонреден професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготви и достави писмен извештај–рецензија на ракописот за учебник „МЕХАНИЗАЦИЈА“ - **специјален дел** поднесен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија во горенаведениот состав, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „МЕХАНИЗАЦИЈА” - **специјален дел**, предметот е со наслов Механизација и се слуша во III семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 3+2+1.Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Механизација и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за кој е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 344 страници, $A_1$ формат со нормален проред, во 25 тематски поглавја и повеќепотпоглавја, а содржи 3 табели и 324 слики. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината**: *Вовед*. Прво поглавје - Автоматизација на системите за наводнување. Во второто поглавје се претставени и објаснети машините за апликација на заштитни средства на растенијата од најсовремен тип.

Во следното поглавје е објаснето прибирањето на фуражните култури каде што вклучува повеќе технолошки операции, како што се косење, сушење, прибирање, товарење и транспорт на фуражните растенија во различни облици свежа, сува или полусува состојба. Во следното поглавје се објаснети машините за резидба, врзување, собирање на лозови прачки. Исто така, се објаснети машините за режење на зелено, машините за врзување на зелени ластари, машините за дефолијација на лисната маса кај лозовите насади. Во истото поглавје се објаснети машините за берба на грозје.

Во поглавјето машини за берба во овоштарството се објаснети вибрационите тресачи и машините за собирање на плодовите. Во поглавјето *Машини за жетва и вршидба* како дел од машините за прибирање на земјоделските култури подетално е објаснет комбајнот, кој во денешно време претставува една од основните машини за прибирање на земјоделските култури и во голема мерка ги намалува трошоците во земјоделското. Во истото поглавје е објаснета автоматизацијата кај универзалниот житен комбајн. Во следното поглавје се објаснети машините за прибирање на градинарските култури.

Во поглавјето *Роботи во земјоделството* се опишани неколку вида роботи кои се користат, нивната конструкција и функција во земјоделството за извршување на одредени агротехнички процеси. Во последното поглавје се објаснети машините кои се користат при транспортирање на земјоделските производи.

На крајот, авторот наведува 36 наслови на литература кои се користени при пишувањето на ракописот и 86 веб-адреси.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од напред изнесеното, Комисијата во состав проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски и проф. д-р Зоран Димитровски констатира дека ракописот за учебникот „МЕХАНИЗАЦИЈА“ - **специјален дел** пријавен од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов е напишан според новата Наставна програма за студентите од сите студиски програми на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и ќе биде од голема корист како на студентите за совладување на наставните содржини од истиот предмет, така и на поширока јавност.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот **„МЕХАНИЗАЦИЈА“** - специјален дел од авторот проф. д-р Ристо Ѓорги Кукутанов и истиот да го одобри за користење како учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“–Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Милан Ѓеорѓиевски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Зоран Димитровски, вонреден професор, с.р.**